## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 08.07.2019

На 07.07.2019 во 12.30 часот на Граничен премин „Табановце", поради сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик, приведен е А.Ј.(63) од Република Србија, кој управувал патничко возило „БМВ 530 Д" со српска национална ознака. Лицето било задржано за понатамошно постапка.

На 07.07.2019 година во 14.35 часот било пријавено дека во с.Дорфулија, општина Лозово, во куќа сопственост на М.Ј.(61) од Пробиштип поради дефект на телевизор настанал пожар. Пожарот бил изгаснат од екипа од Територијалната противпожарна единица Свети Николе. Повредени лица нема. Увид извршила увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 07.07.2019 година во 12.00 часот во Полициската станица Центар, О.Ф.(50) од Скопје пријавил дека на ул.„Капиштец" бил каснат од куче скинтник во пределот на левата нога.

На 07.07.2019 година во 22.50 часот во Полициската станица Карпош, Б.Б.(45) од Скопје пријавил дека на булевар „Партизански одреди"неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатите денови (05, 06 и 07.07.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 130 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 137 возачи од кои: 51 возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 74 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и 16 возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 60 возила од кои 59 бидејќи не биле регистрирани и едно поради претовар. Санкционирани се 17 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четири возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, тројца возачи поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, еден возач поради недавање првенство на минување на возила на крстосница, 65 возачи на мотоцикли, 12 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 27 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се тројца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 143 мандатни платни налози и 107 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 07.07.2019 година во 21.20 часот на крстосница од улиците „М.Тито" и „Т.Арсов" во Виница се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Сеат Кордоба" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.В.(41) од Виница и мопед „Априлија" со штипски регистарски ознаки, управуван од Ф.С.(18) од с.Истибања, виничко. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Ф.С. и бил пренесен Јавната здравствена установа Виница. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Виница.

На 07.07.2019 година во 13.00 часот на крстосница од улиците „Втора Македонска бригада" и „Боро Менков" се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „Јамаха" со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.Л.(34) од Скопје и патничко возило „Цитроен ЦЗ" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Ј.(47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Г.Л. и бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 07.07.2019 во 22.30 часот на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, врз основа на судска наредба, полициски службеници го привеле лицето Е.А.(28) од Тетово за издржување на казна затвор. Тој бил предаден во Казнено-поправната устаница - Затвор Идризово Скопје за издржување на затворската казна.

На 07.07.2019 година во 16.00 часот во село Неготино, врз основа на судска наредба, полициски службеници го привеле лицето Ф.С.(47) од село Неготино за издржување на казна затвор. Тој бил предаден во Казнено-поправната установа Тетово за издржување на затворската казна.

На 07.07.2019 година во 23.00 часот во Тетово на улица ,,Благоја Тоска‟ во Тетово, полициски службеници од слобода ги лишиле А.А. (28) и Б. А. (21) и двајцата од село Голема Речица. При преглед кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица Тетово за понатамошна постапка.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на викендот извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, биле контролирани 1214 возачи, од кои 28 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 17 возила, брзината ја надминале 73 возачи, двајца возачи не користеле сигурносен појас, четири зборувале на мобилен телефон.

На 07.07.2019 во периодот од 00.00 до 05.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје е спроведена акциска контрола за откривње на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Констатирано е дека 12 возачи управувале возило под дејсво на алкохол(ТЕ-09 и ГВ-3). Тие се исклучени од сообраќај, им биле задржани возачките дозволи и им биле издадени мандатни платни налози. Во текот на контролата биле констатирани уште 14 останати прекршоци(ТЕ-11 и ГВ-3) за кои се издадени исто толку соодветни поднесоци.

На 07.07.2019 година во периодот од 00.00 -05.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај 30 возачи е утврдено присуство на алкохол, а еден возач одбил алкотестирање. Сите(31) возачи биле исклучени од сообраќај и им се одземени возачките дозволи и на сите(31) издадени им се мандатни платни налози. Санкционирани се и 31 останати прекршоци.

На 07 јули околу 15.45 часот на локалниот пат помеѓу туристичка населба Претор и туристичка населба Асамати во Ресен, патничко возило „Шкода” со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.С(64) од с.Горно Крушје, ресенско, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.Т.(62)од Ресен, кој бил пренесен во болницата во Ресен. Додека, возачот и други двајца сопатници - Р.С.(37) и малолетник, двајцата од Швајцарија, се здобиле со телесни повреди. Увид извршила увидна екипа од Полициската станица Ресен.

На 07.07.2019 година околу 16.40 часот на патот с.Пресека-населба Оризари, атар на с.Пресека, кочанско, мотоцикл „АПН-6‟ без регистарски ознаки, управуван од З.А.(56) од Оризари, излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот кој бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза‟ Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициската станица Кочани.

На 07.07.2019 година во периодот од 00.00 до 05.00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол. Во акцијата присуство на алкохол во организмот е утврден кај 27 возачи. Исклучени од сообракај се 27 возачи и одземени се возачките дозволи.

На 07.07.2019 година од 00.00 до 05.00 часот полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Велес извршиле контрола на возачи што управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле регистрирани 20 прекршоци, од кои во Велес седум, во Кавадарци 11 прекршоци и во Неготино два прекршоци.

На 08.07.2019 г. околу 10:40 ч. пријавено е дека во банка во општина Сарај четири лица извршиле разбојништво и со закана од огнено оружје одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.07.2019 година во 20.00 часот во Полициската станица Центар, И.Р.(44) од Охрид пријавила дека на ул.„Лазар Личеновски" во Скопје била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Т.К.(28) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 14.03.2019 година на регионалниот пат Куманово-Свети Николе, кај место викано „Кантонче", полициски службеници при преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, во кое како сопатник бил еден малолетник, пронашле и одзеле марихуана.




Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)